Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021

# 26.08.2021 Извадок на дел од дневните настани

На 25.08.2021 на крстосница од ул.„Беласица" со бул.„Кузман Јосифовски Питу", полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција-Сектор за недозволена трговија со дрога оружје и опасни материи, во соработка со Одделението за внатрешни работи Свети Николе го лишиле од слобода И.С.(43) од Свети Николе, затоа што при преглед во возило „форд пума", со тетовски регистарски ознаки, кое тој го управувал, бил пронајден и одземен хероин. Во координација со Јавен обвинител, а врз основа на судска наредба, бил извршен и претрес во станот во кој престојува во Скопје, при што, исто така, бил пронајден и одземен хероин, вага со остатоци од хероин и смеса за мешање на оваа наркотична дрога. И.С. бил приведен и задржан во полициска станица, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 25.08.2021 околу 21.10 часот во тетовски Пирок, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Б.Ј.(32) и Л.З.(43), двајцата од тетовско Боговиње, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. Тие биле задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.08.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, било констатирано дека 45 возачи возеле побрзо од дозволеното, од кои 20 во населено место, а 25 надвор од населено место. Откриени биле и 19 други прекршоци. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 25.08.2021 во рамки на зајакнатата акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, санкционирани се 310 возачи. Од нив, 37 возила се движеле со брзина над 50 километри на час поголема од дозволеното, а пет возила се движеле со дури над 70 километри на час поголема од дозволената брзина. Притоа, 126 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 184 надвор од населено место.

На 25.08.2021 во 18.30 часот било пријавено дека на крстосница на ул.„1" со ул.„2" во с.Бразда, скопско, патничко возило „фолксваген пасат", со непознати регистарски ознаки, удрило во велосипед, управуван од М.Н.(35) од Скопје, по што го напуштило местото на незгодата. Во незгодата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

На 25.08.2021 во 11.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", по извршена пасошка контрола и проверка во оперативна евиденција било констатирано дека Р.Ш.(37) од Германија го пречекорила дозволениот туристички престој на странец во државата од 90 дена во период од 180 дена. Таа била приведена во полициска станица за понатамошна постапка.

На 25.08.2021 во 20,00 часот во Полициската станица Центар, Б.Ќ.(37) од Скопје пријавила дека на ул.„Мајка Тереза" нејзиниот малолетен син бил каснат куче кое било во придружба на неговата сопственичка С.Н.(34) од Скопје. Сочинет записник за констатиран прекршок по член 29 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

Во текот на изминатото деноноќие (25.08/26.08.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 98 прекршоци.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Т.Т.(43) и против правно лице – угостителски објект од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Пријавениот, како сопственик и управител на угостителскиот објект, во секојдневното работење во угостителскиот објект водел двојна евиденција за дневниот промет од угостителски услуги, каде во компјутерот ангажираните работници издавале околу 20% фискални сметки од дневниот промет, додека за останатите 80% издавале обични талони, на кои било само наведено што е издадено.

ОВР Свети Николе поднесе кривична пријава против И.С.(43) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори". На 05.06.2021, полициски службеници извршиле преглед кај Д.С., при што пронашле хероин, кој претходно го купил од пријавениот.

На 25.08.2021 во 16.30 часот во СВР Скопје, Н.Г.(35) од Скопје пријавил дека во 15.00 часот на подрачјето на Центар, по претходна расправија, бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против А.С.(31) од Штип, затоа што на 18.06.2021 пред Градскиот пазар во Штип физички ги нападнал Е.Ќ., Н.Ќ. и Ш.Ќ., сите од Штип.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.И.(21) од с.Требош, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 18.02.2021 на регионалниот пат с.Волковија–Тетово, полициски службеници го запреле возилото во кое се превезувал пријавениот како сопатник и при преглед кај него била пронајдена и одземена марихуана.

На 26.08.2021 околу 03.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека бил опожарен угостителски објект на ул.„Крсте Асенов", сопственост на З.М.(61). Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2021 во 17.44 часот во СВР Скопје, од Ургентен центар при Комплексот клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив со телесни повреди бил донесен И.Н.(29) од с.Крушопек, скопско. Во разговор со полициски службеници тој изјавил дека, додека се движел кон неговиот дом во с.Крушопек, едно лице испукало еден куршум кон него, кој го погодил во ногата, по што забележал возило кое со голема брзина поминувало покрај него. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет